Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 380//0306
10.11 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 24.10.2025 година, врз основа на примена жалба од **Бојан Стојановски** ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„ВО КОМУНИКАЦИЈАТА НА МЛАДИОТ ГАЗДА НА КОЧАНСКАТА ДИСКОТЕКА НА СМРТТА И ИНСПЕКТОРОТ ДАЦО „ПУЛСИРААТ“ ЗВУЧНИ ИМИЊА ОД ВРВОТ НА СДСМ Зошто „свиркачите“ ги скриле разговорите во кои се споменуваат Оливер Спасовски Благој Бочварски, Сања Лукаревска, Бојан Марачиќ и Маринела Тушева?“,** објавен од интернет порталот – онлајн медиум Плусинфо.мк (plusinfo.mk) на 11.10.2025 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 12.10.2025 г., упати жалба за текстот со наслов „ВО КОМУНИКАЦИЈАТА НА МЛАДИОТ ГАЗДА НА КОЧАНСКАТА ДИСКОТЕКА НА СМРТТА И ИНСПЕКТОРОТ ДАЦО „ПУЛСИРААТ“ ЗВУЧНИ ИМИЊА ОД ВРВОТ НА СДСМ Зошто „свиркачите“ ги скриле разговорите во кои се споменуваат Оливер Спасовски Благој Бочварски, Сања Лукаревска, Бојан Марачиќ и Маринела Тушева?“, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Плусинфо.мк (plusinfo.mk) на 11.10.2025 г., при што се жали на незастапена втора страна, на дикриминација, на мешање на факти и мислења, вест и коментар и на пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

Во жалбата, меѓу другото, се цитираат повеќе делови од текстот што е предмет на жалбата и се наведува: „Доволно е колегата Геровски да се обрател до ИРЛ и да побара став дали сме се обиделе да скриеме нешто. Основното новинарско правило наложува да ја побара втората страна, во спротивно станува збор за коментар на авторот, а нема јасно наведена дистинкција за тоа“.

Како пример за коментар, за кој не е посочено дека е тоа, жалителот го наведува и следниот пасус: „И секако, додавам тука дека релациите меѓу клучните актери кои ги анализира ИРЛ се неспорни, та во таа смисла нивната анализа не е неточна. Но, има тука нешто повеќе. Има и други грмушки во кои се кријат многу интересни зајци…“

Жалителот цени дека со текстот медиумот направил прекршување на членовите 1, 10, 13 и 16, кои се поврзани со цитатите во текстот кои се посочени во жалбата.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот потпишан од Бранко Героски, авторот на текстот, во кој се цитираат наводите од жалбата на жалителот и, меѓу другото, се наведува:

„Никаде во текстот не пишува дека ИРЛ „скрила“ нешто, па за да морал авторот да ја прашува Редакцијата на ИРЛ и да „истражува“ дали таа нешто скрила и што скрила. Напротив, пласирана е претпоставка дека е можно тоа да е одлука на „свиркачот“ на Редакцијата на ИРЛ. Или заедничка, сеедно. Факт е дека ИРЛ објавила делови од комуникацијата, што значи дека други делови се изоставени. ... “, се наведува, меѓу другото, во одговорот на авторот на текстот што е предмет на жалба. Притоа на Жалбената комисија на СЕММ Героски ѝ предлага жалбата да биде отфрлена.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „ВО КОМУНИКАЦИЈАТА НА МЛАДИОТ ГАЗДА НА КОЧАНСКАТА ДИСКОТЕКА НА СМРТТА И ИНСПЕКТОРОТ ДАЦО „ПУЛСИРААТ“ ЗВУЧНИ ИМИЊА ОД ВРВОТ НА СДСМ Зошто „свиркачите“ ги скриле разговорите во кои се спомунуваат Оливер Спасовски Благој Бочварски, Сања Лукаревска, Бојан Марачиќ и Маринела Тушева?“, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Плусинфо.мк (plusinfo.mk) на 11.10.2025 г. отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што се прекршени членовите 1, 13 и 16 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст кој по својата форма е хибриден жанр составен од информативен дел и коментаторска анализа, во кој се објавуваат нови елементи од материјалите што Обвинителството ги доставило до надлежниот суд во врска со пожарот во дискотеката во Кочани од 16.03.2025 г., со што темата е од неспорен јавен интерес.

Анализирајќи го текстот во целина (наслов, меѓунаслови, содржина), Комисијата сепак оцени дека постојат елементи кои укажуваат на повреда на етичките правила во новинарството.

Прво, во текстот повеќепати се повторуваат зборови и јазични конструкции како на пример: „скриените делови“, „кој да го скрие“, „прикријат“, „манипулација“. Притоа, во текстот е јасно наведена и претпоставката дека одлуката да се сокрие нешто можеби ја донела и редакцијата на ИРЛ. На овој начин, текстот создава наративна рамка со која на јавноста ѝ се сугерира дека некој свесно прикрил информации од јавен интерес. Толкувањето што со ваквиот начин на врамување ѝ се сугерира на јавноста е дека „некој“ (вклучително и редакцијата на ИРЛ, според претпоставката на авторот) свесно изоставил важни сегменти од документот на обвинителството. Без оглед што авторот на текстот формално се оградува од ваквиот заклучок, текстот тоа јасно му го сугерира на читателот, бидејќи редакцијата на ИРЛ е таа која ја носи уредувачката одлука за објавениот текст.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Второ, во текстот се идентификуваат неколку клучни пасуси со проблематичен коментаторски карактер. Тие не се однесуваат на содржината на доказите, туку на начинот на кој авторот ја интерпретира и коментира улогата на ИРЛ и институциите — со реторика што создава перцепција на прикривање, манипулација и политичко влијание, без проверка и без вклучување на засегнатите страни. Најспорни се насловот, антерфилето, прашањата од типот ‘кој одлучил што да се објави’, како и деловите што сугерираат дека некој свесно прикрил делови и дека јавноста е манипулирана преку објавување медиумски бомби. Токму тие делови ги повредуваат етичките правила за разграничување на фактите од мислењето.
Конечно, главната изнесена претпоставка во текстот за тоа дека можеби редакцијата на ИРЛ прикрила некои делови од документот, наметнува етичка обврска на авторот да провери дали ИРЛ имала целосен извештај и какво е нивното објаснување за тоа зошто не се објавени сите делови.

Имајќи го предвид изнесеното, Комисијата со мнозинство гласови одлучи дека се прекршени членовите 1, 13 и 16 од од Кодексот на новинарите на Македонија:

**Член 1**

Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

**Член 13**

Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.

**Член 16**

Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различност на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата со мнозинство гласови одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Жана Божиновска, Мирче Адамчевски и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС
Скопје

С. Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595